РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2322/6
07.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
# од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 05.06.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Луција Ѓуркович, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.05.2025 година.
2. Предлог - правилник за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали.
3. Предлог - образец за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми – интернет портали (образец СУЕ/2).
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог - одлука за исплата на надоместок за смрт на член на потесно семејство на вработен во Агенцијата.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.05.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2 и 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-правилникот за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали. Го образложи текот на спроведената јавна расправа по Предлог-правилникот. Информираше дека, согласно измените на Законот за медиуми, Агенцијата има обврска во рок од 30 дена да ги донесе двата подзаконски акти. Во таа насока, беше спроведена јавна расправа во времетраење од 15 дена. Во рамките на јавната расправа, беше организиран состанок со поголем дел од претставниците на интернет-порталите, а дополнително, беше одржан уште еден состанок со шест претставници на интернет-порталите. На состаноците, како што појасни, се дискутирале прашања кои, претставувале дилеми кај сопствениците на порталите во однос на начинот на исполнување на законската обврска, односно можноста за впишување во Регистарот на интернет-портали што ќе го води Агенцијата. Г-дин Трајчевски посочи дека на јавната расправа присуствувале и дел од членовите на Советот, а како клучно прашање било истакнато утврдувањето на соодветната шифра на дејност што треба да ја имаат порталите. Согласно Националната класификација на дејности, тоа се шифрите 58.12 и 58.13, додека најголемиот дел од порталите имаат регистрирано други шифри на дејност од претходниот период. Понатаму, информираше дека, по одржаната јавна расправа со претставниците на интернет-порталите, раководителката Магдалена Довлева, остварила состанок со претставници на Централниот регистар. Врз основа на заклучоците од тој состанок произлегле одредени измени кои се инкорпорирани во Предлог-правилникот. Појасни дека со предлог решението се остава можност постојните издавачи на интернет-портали, кои во моментот на воспоставување на Регистарот имаат главна приходна шифра различна од дејноста „публикување информативни, образовни и забавни содржини во форма на текст, аудио и аудиовизуелни формати“, да ја впишат соодветната дејност најдоцна до 31 март наредната година, по предавањето на завршната сметка, под услов во основачкиот акт да имаат впишано општа бизнис клаузула. Доколку некој издавач има интерес тоа да го стори веднаш, може да го направи, но г-динот Трајчевски нагласи дека за таа постапка се јавуваат дополнителни финансиски трошоци поради потребата од ангажирање на независен ревизор. Како втора опција, а единствена за радијата бидејќи тие не се опфатени со обврската согласно Законот за медиуми, ја посочи можноста за отворање подружница со шифра 58.12 или 58.13, со цел дневните портали да се регистрираат во Регистарот што ќе го води Агенцијата. Трета опција, е веднаш по поднесувањето на завршната сметка да се изврши регистрација на соодветната дејност со шифра 58.12 или 58.13, најдоцна до 31 март, со оглед дека завршните сметки се поднесуваат до 28 февруари. Во своето обраќање, г-дин Трајчевски информираше дека на состаноците постоел општ консензус и прифаќање на овие предлози од страна на присутните

претставници на интернет-порталите. Единствено, како забелешка било посочено дека постои можност за евентуална реакција од страна на синдикатот, доколку сите портали, вклучително и поголемите, се пријават како мали субјекти со само еден вработен. Сепак, според разговорите со сопствениците на порталите, било утврдено дека тие имаат повеќе вработени и не размислуваат во таа насока. Поголемиот дел од нив информирале дека располагаат со најмалку пет вработени и не би се впуштиле во такви активности.

Претседателот на Советот, г-дин Лазо Петрушевски, се заблагодари за воведот и истакна дека измената која е направена е навистина за поздравување. Посочи дека главните забелешки што ги изнесе директорот се однесуваа токму во оваа насока и изрази задоволство што решението е квалитетно и добро прифатено од засегнатите страни. Тој нагласи дека ќе го поддржи предлогот и изрази задоволство што медиумите конечно ќе бидат опфатени во одредена форма во законската рамка — без преголеми обврски, но со можност да се знае сопственичката структура. Посочи дека ова е особено значајно од повеќе аспекти, пред сѐ во однос на спречување на говорот на омраза и во случаи кога постои можност за финансиски бенефити по основ на изборни активности.

Г-дин Трајчевски истакна дека се осврнува на двете точки од дневниот ред - точка 2 и точка 3. Напомена дека нема измени во однос на текстовите, но дека дискусијата ја водел за двете точки заедно, бидејќи се поврзани.

Претседателот на Советот, г-дин Лазо Петрушевски, посочи дека и од негова страна дискусијата се однесувала на обете точки, нагласувајќи дека тие се поврзани и дека нема значајни разлики помеѓу нив.

Г-дин Фиданоски веднаш на почетокот истакна дека ќе даде поддршка за предложеното Правилник. Посочи дека со ова се покажува отвореноста на Агенцијата да излезе максимално во пресрет на потребите на медиумите, нагласувајќи дека, според негово мислење, терминот „онлајн медиум“ би бил посоодветен, иако Законот користи формулација „интернет портали“. Додаде дека тоа е тема за посебна дискусија, имајќи предвид дека постојната формулација не е целосно соодветна на реалната состојба. Нагласи дека, со овој Правилник им се остава на медиумите период од приближно девет месеци за да се усогласат со законските услови и да се впишат во регистарот. Потенцираше дека не постојат законски санкции доколку не се изврши впишување, но дека тоа ќе претставува прашање на престиж и кредибилитет меѓу онлајн медиумите, што ќе биде дополнителен мотив за повеќето од нив да пристапат кон регистрација. Исто така, посочи дека очекува впишаните медиуми во иднина да имаат одредени бенефиции во други сегменти, пред сѐ во економското работење. Информираше дека лично присуствувал на состанокот со претставниците на онлајн медиумите, при што добил уверување дека постои позитивен интерес и подготвеност. Во однос на предложените две опции за усогласување со регистарот, г-н Фиданоски оцени дека се прифатливи, иако дел од претставниците изразиле стравување за евентуални зголемени трошоци доколку се одлучат за втората варијанта, со отворање подружница. Додаде дека, според добиените информации, тие трошоци не се високи и дека медиумите би можеле да ги поднесат без поголеми последици врз работењето. На крајот изрази уверување дека предложеното решение ќе биде успешно реализирано и дека медиумската заедница во онлајн просторот ќе биде задоволна, имајќи предвид дека на овој начин ќе се исполни и законската обврска.

Г-дин Петрушевски констатира дека нема пријавени за дискусија и предложи да се премине на гласање по двете точки од дневниот ред.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Правилник да го објави во Службен весник на РСМ и веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Образецот за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми – интернет портали, со текстот како што е предложен во материјалите.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Образец да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот Тотал ТВ за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека согласно наодите од Извештајот за извршен редовен програмски надзор, овој оператор реемитува неколку канали кои што не се опфатени со потврдата за регистрација. Бидејќи ова прекршување го прави прв пат оваа година се предлага да се изрече мерка јавна опомена, и да му се наложи веднаш да ги исклучи странските програмски сервиси кои ги реемитува без потврда за регистрација.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2296/1 од 02.06.2025 година и едногласно заклучи на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на РСМ, на ден 02.06.2025 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „ТВ Сонце“, „Insajder TV“, „TV Diva“, „Sci Fi“, „Sport Klub HD“, „Sport Klub 1“, „Sport Klub 2“, „Sport Klub 3“, „Sport Fight“, „SK Golf“, „SK Esports“, „Nick Junior“, „Nikelodeon“, „Da Vinci“, „Entertainment“, „MTV“, „MTV ‘00“, „MTV Hits“, „Club MTV“, „MTV ‘80“ и „MTV Live“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 став 13 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за исплата парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – родител (мајка), во износ од две просечни месечни нето-плати во Република Северна Македонија, односно 87.246,00 (осумдесет и седум илјади и двесте и четириесет и шест) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**